# FORD KUGA



# ЕДНОСТАВНИОТ НАЧИН ДА СЕ ВОЗИ НОВАТА FORD KUGA


1 ИСТРАЖЕТЕ

2 ИЗБЕРЕТЕ

3 ПЕРСОНАЛИЗИРАЈТЕ

4 СПЕЦИФИКАЦИИ




*Kuga ST-Line X AWD FHEV во сина металик боја на каросеријата (опција).*

# 1 ИСТРАЖЕТЕ

# ПОВТОРНО РАЗМИСЛЕТЕ ЗА АВАНТУРА

Зошто да се гледа на авантурата како еднократно искуство? За вас, тоа е начин на размислување. Знаете дека не ви треба ранец од 20 килограми и шестмесечна пауза од вашата кариера за да излезете и да ја најдете. Од сјајните градски светла до широкото, огромно небо - секое место, секое време и момент носи нешто ново. А со нашиот широк избор на електрични возила, вклучително и новиот Kuga Hybrid, со унапредениот опсег на достапни функции за помош на возачот, новиот Ford Kuga ветува авантура при секое возење.

На сликите е вклучена дополнителната опрема.

*Kuga ST-Line X PHEV во металик боја на каросеријата White Platinum (опција).*






*Kuga ST-Line X PHEV во затемнета безбојна металик боја на каросеријата Lucid Red (опција).*




*Kuga ST-Line X PHEV во металик боја на каросеријата Solar Silver (опција).*



# ЗГОЛЕМЕТЕ ЈА МОЌНОСТА

Бидете подготвени за сè со моќноста на електричниот хибрид Kuga. Со двете нови достапни хибридни верзии, Ford Kuga нуди понови, почисти и поекономични начини на уживање во возењето теренско возило. Опцијата на Ford Kuga Plug-In Hybrid (PHEV) комбинира засебен електричен мотор со напојување од акумулатор со нејзиниот ефикасен бензински мотор од 2,5 L со аткинсонов циклус.

Електричниот мотор се вклучува за да обезбеди дополнителна поддршка кога е потребна. Со подобрениот целосно електричен WLTP опсег од 71-88 km*, тој е идеален за снаоѓање низ густ сообраќај и во зони со ултра ниски емисии. Нуди сигурно патување надвор од град, а кога моторот се префрла на работа на гориво, можете да уживате во опсег од 964-1000 km*.

Со помош на апликацијата FordPassw, може да го проверите статусот на акумулаторот и електричниот опсег на возење и да поставите ваши претпочитани времиња на полнење дома, за најдобро да ја искористите евтината струја. Апликацијата исто така ќе ве извести кога ќе биде постигнато саканото ниво на полнење.

Акумулаторот PHEV лесно може да се наполни на повеќето јавни места за полнење. Апликација FordPass може да ви помогне да ја најдете и да ве одведе до најблиската станица за полнење и да ви овозможи да платите за полнењето на акумулаторот преку апликацијата. Како алтернатива, со возилото се испорачува домашен кабел за полнење, а покрај ова, Ford исто така нуди како додаток решение со ѕидна кутија** којшто се доплаќа.

*Се заснова на целосно полнење. Опсег до 71 -88 km само од електричното полнење според Светската хармонизирана постапка за тест на лесни возила (WLTP -Worldwide Harmonised Light Vehicle Test Procedure) се однесува на достапна конфигурација. Реалните опсези се разликуваат според условите, како што се надворешните елементи, начинот на возење, одржувањето на возилото, како и векот на траење на литиум-јонската батерија.**Поврзана ѕидна кутија на Ford е достапна како додаток.

# ОСВОЈТЕ ГО ВАШИОТ СВЕТ

Новиот Ford Kuga подеднакво се однесува при истражување на пејзажите или при барање авантура од патување во градот. Каде и да ве однесе патувањето, ќе уживате во совршениот баланс на грубите способности на теренско возило и прекрасно извајаниот стил.

Импресивната палета на достапни одлики за помош во возилото – вклучувајќи навигација SYNC 3, FordPass Connect со Live Traffic и приспособлив темпомат со Stop & Go* – го прават идеално за навигација низ густиот сообраќај од типот тргни-застани во урбаните средини.

Или, само фрлете го планинскиот велосипед во обемниот заден простор за товар и одете во дивината. Со напредните достапни технологии, како што е интелигентниот систем за погон на сите тркала и новиот систем со можност за избор на режими на возење, може да го приспособите доживувањето на возењето да одговара на условите на патот.

*Достапно само за моделите со автоматски менувач.

*Kuga ST-Line X PHEV во сина металик боја на каросеријата (опција).*



# ОПТИМИЗИРАЈТЕ ГО ВАШЕТО ВОЗЕЊЕ

Со воведување на новиот Kuga Hybrid, целосно хибридно возило (понекогаш познато како FHEV или HEV), опсегот на новиот Kuga има најсофистициран електричен пренос во споредба со кој било друг Ford. Kuga Hybrid комбинира конвенционален мотор со електричен мотор за да обезбеди лесни перформанси и меко, рафинирано возење во секакви услови. Меѓутоа, високонапонскиот литиум-јонски акумулатор што го напојува електричниот мотор - што се наоѓа под подот заради најефикасна искористеност на просторот - исто така му овозможува на Kuga Hybrid да вози кратки релации само на електричен погон, така што може да возите со ниска брзина со нула емисии од ауспухот.



*Kuga ST-Line X AWD FHEV во сина металик боја на каросеријата (опција).*

# РЕДЕФИНИРАЈТЕ ГО ВАШИОТ ПРОСТОР

Чувството на движење и слобода продолжува во возилото и се проникува низ секоја одлика на внатрешноста. Од флуидниот дизајн на таблата со инструменти и централната конзола, па сѐ до луксузниот стил на предните седишта обложени со кожа (стандардно кај ST-Line X) – целосно новиот Kuga создава засолниште со врвен комфор.

Дополнителните одлики на паметниот дизајн го дополнуваат активниот животен стил. Задните седишта вклучуваат функција на лизгање, што овозможува дополнителен простор за нозете за задните патници ако е потребен или продолжување на задниот простор за товар за дополнителен капацитет на складирање. А багажната врата без користење на рацете ви овозможува да дојдете до просторот за товар дури и кога рацете ви се полни со багаж (стандард кај Titanium X, ST-Line X и Vignale).



*Kuga ST-Line X PHEV со вметнат Rapton во Ebony со Sensico® странични потпирачи (стандард).*





# ВОЗЕЊЕ БЕЗ НАПОР

## ГО ПРЕТВОРА ГУСТИОТ СООБРАЌАЈ ВО ЛЕСНА РАБОТА

Приспособливиот темпомат со Stop&Go може да ви помогне да продолжите со движење за време на вашето патување, да забавите, па дури и да застанете и повторно да тргнете со сообраќај пред вас. А пак Активниот систем за одржување коловозна лента, со Помошта за информирање за слепи точки, Помошта пред судир и Помошта при скршнување од правецот на управување водат сметка за патот околу вас и можат да ве предупредат за потенцијалните опасности.

- **Приспособливиот темпомат Stop&Go*[2)]** одржува комфорно растојание од возилото напред, а може дури и целосно да го запре автомобилот и да го придвижи повторно кога сообраќајот ќе го дозволи тоа
- **Помош пред судир[Ø2)] со откривањето пешаци и велосипедисти** го следи растојанието до другите возила, велосипедистите и пешаците и може да ве предупреди за можен судир **Помош на раскрсници** може да открие сообраќај од спротивен правец кога се подготвува да премине преку раскрсница и да ги активира сопирачките ако постои опасност возилото да биде удрено. (Дел од пакет опции)
- **Помош при скршнување од правецот на управување[Ø2)]** е дизајнирана за да открива скршнување од управувањето и и за да ви помогне при управувањето околу препрека на вашата патека на движење. (Дел од помошта пред судир)
- **Активен систем за одржување коловозна лента со помош за информирање за слепи точки[Ø2)]** ве предупредува за возила откриени кај слепите точки со палење светло кај соодветниот ретровизор на вратата. Ако се обидете да ја промените лентата додека се прикажува предупредувањето, системот ќе ги примени благ отпор на управувачот за да помогне за да се намали ризикот од судир. (Дел од пакет опции)
- Дел од Системот за информирање за слепи точки, **Предупредување за сообраќај со Активно сопирање** ви помага кога возите во рикверц и кога ви е ограничена видливоста. Технолошките звуци за предупредување и дополнително предупредување се прикажуваат во кластерот. Тој дури и автоматски ќе ги активира сопирачките за дополнително да ве заштити вас и оние што се околу вас

*Достапно само за моделите со автоматски менувач. Доколку запирањето е подолго од три секунди, возачот мора да интервенира и да го притисне копчето „RES' или педалот за забрзување со цел да продолжи работењето на системот.

[Ø]Користи сензори. [2)]Одлика за помош на возачот. **Забелешка** Одликите за помош на возачот се дополнителни и не претставуваат замена за вниманието на возачот, неговите проценки, како и потребата од управување на возилото.

*Kuga Vignale PHEV со врвна Windsor кожа (стандард).*



1 ИСТРАЖЕТЕ

# ЕЛЕКТРИЧНА МОЌ ВО ВАШИТЕ РАЦЕ

## РЕЖИМИ НА ЕЛЕКТРИЧНО ВОЗИЛО (EV)

Новата Kuga Plug-In Hybrid ви помага да стигнете до вашата дестинација поефикасно користејќи два извора на напојување. Може да изберете кога да возите на електрична струја, а кога да го користите ефикасниот 2,5-литарски бензински мотор со аткинсонов циклус на возилото, или да дозволите Kuga да избере за вас во режимот Автоматско EV. При секое патување, возилото ќе ја обновува енергијата при намалување на брзината или сопирање.

- **Режим Автоматско EV** префрла помеѓу електричниот мотор и мешаното работење на електричен мотор/бензински мотор (хибрид), согласно условите на возење и достапното полнење
- **Режим EV сега** ви овозможува да возите користејќи само електрично напојување, додека акумулаторот речиси не се испразни, а потоа возилото се префрла на користење хибридно работење
- **Режим EV подоцна** ви овозможува да го зачувате електричното полнење во акумулаторот за подоцнежно користење. Возилото главно ќе вози во хибриден режим на работење, додека не префрлите на електричен режим
- **Режим на полнење на акумулаторот** ви овозможува да го полните акумулаторот со бензинскиот мотор со аткинсонов циклус кога возилото не се движи
- **Технологија на гео-оградување** го прави уште полено возењето во зони со ниски емисии. Системот за навигација ќе ви ја прикаже контролирана област, како на пример зона со ниски емисии, за да ве информира да се префрлите на режим EV сега

* Поврзана ѕидна кутија на Ford е достапна како додаток.

†Апликацијата FordPass, компатибилна со избрани платформи на паметени телефони може да се преземе преку интернет. Може да се применуваат цените за пораки и податоци.

*Kuga ST-Line X PHEV во боја на каросеријата Frozen White (опција).*

## ПОЛНЕЊЕ НА ВАШИОТ KUGA

Без разлика дали сте дома или излезени, полнењето на вашиот Kuga е лесно преку домашниот штекер за струја, ѕидна кутија* или јавните места за полнење. Користете ја апликацијата FordPass† за да го проверите нивото на акумулаторот, за да пронајдете локации за полнење и за да добивате известувања за статусот на полнење. Кабелот за домашно полнење се испорачува со возилото како стандардна опрема (со должина од 7,1 метар).




**a. Поврзана ѕидна кутија на Ford и јавно место за полнење**

Целосно полнење за 3,5 часа преку кутијата за полнење монтирана на ѕид (дополнителна опрема) и на повеќето јавни станици за полнење.

**б. Полнење преку штекер**

Целосно полнење за 6 часа преку домашен штекер од 230 волти.

# ГЛЕДАЈТЕ И БИДЕТЕ ВИДЕНИ

## СИСТЕМ СО ПРИСПОСОБЛИВО ПРЕДНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Новите впечатливи напредни LED-предни светла на Kuga обезбедуваат неверојатно осветлување навечер и при слаба видливост. Динамичните предни LED-светла со целосно приспособливо осветлување користат технологија на камера за менување на формата на светлото за да се осветлат свиоците пред да свртите, за полесно и поопуштено ноќно возење.

- **Светлото според знаци**препознава кога се приближувате до кружен тек или до знак „стоп" и соодветно да го приспособи снопот на предните светла според поставеноста на патот
- **Предвидливото светло за кривини** користи ознаки за ленти за да препознае свиоци на патот и ги осветлува свиоците уште пред да свртите
- **Долгите светла без блесок** го приспособуваат аголот на предните светла за максимално осветлување, додека пак предната камера му помага на системот да ги заштити другите возачи од блесок



*Kuga ST-Line X PHEV во металик боја на каросеријата Solar Silver (опција).*






# ОСТАВЕТЕ KUGA САМАТА ДА СЕ ПАРКИРА

## АКТИВНА ПОМОШ ПРИ ПАРКИРАЊЕ

Од идентификување на соодветно место за паркирање до безбедно управување со возилото во и надвор од местото, новиот Kuga го олеснува паркирањето, дури и во тесни места.

- **Активната помош при паркирање** го контролира управувањето додека ве насочува во и надвор од местото. Покрај задната камера со широк приказ, системот има и предна камера со широк приказ. (Само со рачен менувач. Дел од пакет опции)
- **Активната помош при паркирање 2**[2] го презема управувањето, брзините и педалите, а вие и понатаму имате контрола врз возилото со притискање на копчето за Помош при паркирање за време на маневрирањето. (Само со автоматски менувач. Дел од пакет опции)
- **Предупредување за зголемен сообраќај одзади*[2)]** помага при излегување station наназад од паркинг со предупредување за сообраќај што доаѓа од која било страна. (Вклучува активно сопирање и покривање осигурување за туѓп возило) (Дел од изборен пакет)
- **Задната камера со широк приказ** обезбедува непречен приказ зад вашиот автомобил кога се избира рикверц. ((Стандардно кај Titanium, Titanium X, ST-Line, ST-Line X и Vignale)

*Дел од системот за активно одржување коловозна лента и помош за информирање за слепи точки.

[2)]Одлика за помош на возачот. **Забелешка** Одликите за помош на возачот се дополнителни и не претставуваат замена за вниманието на возачот, неговите проценки, како и потребата од управување на возилото.




## 1 ИСТРАЖЕТЕ

# ПОВРЗАНИ И ВО КОНТРОЛА

### FORD SYNC 3

Достапниот Ford SYNC 3 беспрекорно се интегрира со вашиот паметен телефон за да ги олесни комуникацијата и навигацијата*. Може да ги контролирате апликациите компатибилни со SYNC преку AppLink, додека Apple CarPlay и Android Auto ви овозможуваат да го користите екранот на допир во боја од 8 инчи (20,3 cm) како да е вашиот паметен телефон. Користејќи го екранот на допир или едноставни говорни команди, може да остварувате повици, да пишувате и преслушувате пораки и да ги контролирате музиката и сателитската навигација.

### FORDPASS CONNECT

Автомобилите Kuga со FordPass Connect** имаат низа одлуки дизајнирани за да ви го олеснат возењето за да може да уживате во него. Тие опфаќаат Live Traffic†, кој испраќа ажурни сообраќајни информации во вашиот навигациски систем SYNC 3, и Информациите за локални опасности†† што може да Ве предупреди за претстојни опасности пред да дојдете до нив. Во случај на несреќа, eCall‡ им помага на патниците да се јават на службите за итна помош и да ја споделат вашата локација.

### АПЛИКАЦИЈА FORDPASS

Максимално искористете го поврзувањето на вашиот автомобил со апликацијата FordPass, со далечински одлики, апликацијата FordPass ви овозможува пристап до уште повеќе функции преку вашиот паметен телефон. За биде спокојни, може да ја вклучите†††, да го заклучите или отклучите вашето возило каде и да сте, па дури и да го одмрзнете ветробранот и да го активирате греењето на седиштата и на управувачот (ако е вградено) во студено зимско утро. (Достапно само на пазарите во ЕУ).

**Поврзете го вашиот Kuga со FordPass**

**Забелешка:** Целосна интеграција на SYNC 3 со паметен телефон е можна само со iPhone 5/Android 5.0 (Lollipop) или понова верзија. 100% поврзани. Само AppLink ќе предизвика трошоци. За да проверите дали Apple CarPlay и Android Auto се достапни на Вашиот пазар, погледнете ги најновите информации на официјалните веб-локации на Apple CarPlay и Android Auto. Ажурирањата на мапите се бесплатни одредено време по регистрацијата на возилото.

* Не возете кога сте расеани. Користете гласовниот систем кога е возможно; не користете уреди што се држат со раце додека возите. Некои одлики може да бидат заклучете додека возилото е во брзина. Не сите функции се компатибилни со сите телефони.

**FordPass Connect во овозможува поврзување со услуги и достапен е кај избрани возила или возила со навигација. FordPass Connect се вклучува во моментот на испорака на возилото. Можете да одберете дали да се пријавите/одјавите за споделување одредени податоци. Опфатот на сообраќај на податоци и услуги не е достапен насекаде. Може да се наплаќа за сообраќајот на податоци. Се применуваат Полититки за приватност за FordPass и Connected Car, што може да ги најдете на вашата локална веб-страница за Ford.

Пристапот до †Live Traffic е бесплатен ограничен временски период по регистрирањето на нов Ford со SYNC 3 со навигација; потоа треба да се плати претплата за лиценцата.

††Опцијата Информации за локални опасности е бесплатна ограничен временски период по купувањето на нов Ford со одредени модули за информации на возачот; потоа треба да се плати претплата за лиценца.

†††Далечинско палење е достапно само кај модели со автоматски менувач.

‡Ford eCall ја споделува локацијата на возилото и им помага на патниците да воспостават повик на нивниот соодветен јазик со локалниот Центар за комуникација, по судир на возилото во кој е активирано воздушно перниче или е исклучена пумпата за гориво. Оваа одлика функционира во повеќе од 40 европски држави и региони.

*Апликацијата FordPass, компатибилна со избрани платформи на паметени телефони може да се преземе преку интернет. Може да се применуваат цените за пораки и податоци.



## Можност за избор на режими на возење

Приспособете го доживувањето на возење со Kuga да ви одговара на условите преку избор од достапни режими на возење. Системот приспособува различни поставки, вклучително реакцијата на гасот и чувството при управувањето, како и однесувањето при промена на брзините кај автомобилите со автоматски менувач.




## Дисплеј на ветробран

Проектира клучни информации право пред вашите очи за да не го тргате погледот од патот. Јасната и светла слика може да прикаже содржина по ваш избор, вклучувајќи ги брзината на возилото, навигацијата, известувањата за регулација на возењето со рамномерна брзина и податоците за препознавање на сообраќајните знаци. Компатибилен е со поларизирани очила за сонце.

Не возете кога сте расеани. Погледнете го прирачникот за користење за детали и за ограничувањата на системот.




## B&O BeoSonic™ аудио систем

Направете си расположение за вашите патувања со аудио системот Bang & Olufsen BeoSonic™. Пуштајте ги вашиот омилени музичари преку едноставниот интуитивен интерфејс со еден допир.  Уште повеќе беспрекорно со четирите аудио простори: Топол, возбудлив, весел, и релаксиран, за да го приспособите звукот според ваш вкус.

Дополнителни однапред поставени профили може да се комбинираат со вашата активност за дополнителен комфор и расположение, како и за поголема возбуда.

Трговската марка BeoSonic™ е сопственост на Bang & Olufsen a/s и за неа се поднесува барање за неа, се регистрира и се користи во различни јурисдикции низ целиот свет од страна на сопствениците.

## Багажна врата што се отвора без раце

Отворањето и затворањето на новата багажна врата на Kuga е лесно, дури и кога рацете ви се зафатени. Со клучевите в џеб или во чанта, едноставно направете благо движење како да клоцате под средината на задниот браник и багажната врата ќе се активира без ништо да допирате. Може да се отвора и затвора и додека сте во автомобилот.




## Кука за влечење што се вовлекува

Кога не се користи, куката за влечење што се вовлекува со целосно електричен погон на Ford, автоматски се повлекува надвор од погледот зад задниот браник за да не го наруши стилот и за полесен пристап до просторот за багаж. Како дополнителна можност за транспорт и товарање, куката за влечење може да влече до 2.100 kg* во зависност од моторот (за повеќе детали проверете кај продавачот на Ford). (Опција и дополнителна опрема)

*Максималното влечење варира во зависност од каргото, конфигурацијата на возилото, дополнителната опрема и бројот на патници.



## Камери со преден и заден приказ[2)]

Прикажите на предната и задната страна на возилото се прикажани на екранот на допир. Корисни при паркирање во тесни места, така што ви овозможуваат да ја набљудувате областа околу автомобилот. Камерата со заден приказ се активира кога возилото ќе се стави во брзина за движење наназад.

[2)]Одлика за помош на возачот. **Забелешка** Одликите за помош на возачот се дополнителни и не претставуваат замена за вниманието на возачот, неговите проценки, како и потребата од управување на возилото. Камерите работат само при брзини пониски од 10 km/h (6 mph).



# 2

## ИЗБЕРЕТЕ

Со избор на надворешен и внатрешен стил, има нова Ford Kuga која е одлична токму за вас.



## Titanium & Titanium X

Луксузните модели на Kuga даваат поголеми нивоа на софистицираност и комфор, од материјали со супериорен квалитет до дополнителни технологии.

**Главни одлики**

- 17-инчни алуминиумски бандажи Shadow Silver со 5x2 краци
- Шини на покривот со сребрен финиш
- Ретровизорска камера
- Двозонска електронска автоматска контрола на температурата (DEATC)
- 12.3" (31.2 cm) целосно дигитален кластер
- Систем за држење лента (со Предупредување за држење лента и Помош за држење лента)
- Задни седишта со функција за лизгање



## ST-Line и ST-Line X

Впечатливите Kuga ST-Line и ST-Line X имаат изразено спортски карактеристики благодарејќи на нивниот уникатен надворешен стил и деталите на внатрешноста.

**Главни одлики**

- Алуминиумски бандажи од 18 инчи со 5x2 краци во Rock Metallic
- Спортски управувач на ST-Line со црвени шевови
- Шини на покривот со црн финиш
- Предни и задни патосници од велур со црвени шевови



## Vignale

Со уникатните одлики на дизајнот и ексклузивно набавената кожа мека на допир, Kuga Vignale ве става во свет на неспоредлив луксуз.

**Главни одлики**

- 18-инчни легирани бандажи Luster Nickel со 5x4 краци
- B&O BeoSonic™ аудио систем
- 12.3" (31.2 cm) целосно дигитален кластер
- Кожни седишта

# Titanium




### Стандардни одлики на надворешноста

- 17-инчни алуминиумски бандажи Shadow Silver со 5x2 краци
- Ретровизорска камера
- Бришачи со сензори за дожд
- Предна горна решетка со црна мрежа и хромирани шипки и рамка
- Шини на покривот со сребрен финиш

### Стандардни одлики на внатрешноста

- FM DAB радио со двоен тјунер, 8" (20.3 cm) TFT екран на допир, 12.3" (31.2 cm) целосно дигитален кластер, навигација со Режим на ефикасно возење (EDM), шест звучници (четири предни, два задни), Ford SYNC 3 (вклучува приказ на компас и 2 x USB порти), Bluetooth®, 5 различни канали, Канал за пораки за сообраќај (TMC), разновидна антена, мини Панел со електронски финиш (EFP), прикажува Зони со ниски емисии (само PHEV) и контроли на управувач
- Систем без клуч Ford KeyFree со копче за палење Ford Power
- Двозонска електронска автоматска контрола на температурата (DEATC) (дополнително кај non-PHEV и non-FHEV)
- Амбиентално осветлување
- Електрохромен ретровизор со автоматско затемнување

### Мотори

**Бензин**

2.5L Ford Plug-In Hybrid (PHEV) 225 PS (165 kW) 2.5L
Ford Full Hybrid (FHEV) 190 PS (140 kW)
1.5L Ford EcoBoost 150 PS (110 kW)

**Дизел**

1,5 L Ford EcoBlue 120 KC (88 kW)









* Само предни врати.

Зборот и логоата Bluetooth® се сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секоја употреба на тие ознаки од Ford Motor Company Limited и нејзините поврзани компании е со лиценца. Другите трговски марки и трговски имиња им припаѓаат на нивните соодветни сопственици.



# Titanium X




### Стандардни одлики на надворешноста како дополнување на одликите на Titanium

- Автоматски предни рефлекторни LED-светла со дневни LED-светла
- Стакло за приватност
- Предни LED-магленки
- Автоматско долго светло

### Стандардни одлики на внатрешноста како дополнување на одликите на Titanium

- FM DAB радио, 8" (20.3 cm) TFT екран на допир, 12.3" (31.2 cm) целосно дигитален кластер, навигација со Режим на ефикасно возење (EDM), десет врвни звучници B&O BeoSonic™ на аудио систем (содржи централен звучник и субвуфер) (пет предни, пет задни), Ford SYNC 3 (вклучува приказ на компас и 2 x USB порти), Bluetooth®, Канал за пораки за сообраќај (TMC), разновидна антена, мини Панел со електронски финиш (EFP), прикажува Зони со ниски емисии (само PHEV) и контроли на управувач
- Partial Sensico® седиште на возачот со нагодување на електричен погон на 10 начини
- Систем без клуч Ford KeyFree за предните врати, копче за палење Ford Power и багажна врата со отворање без раце

### Мотори

**Бензин**

2.5L Ford Plug-In Hybrid (PHEV) 225 PS (165 kW)
2.5L Ford Full Hybrid (FHEV) 190 PS (140 kW)
1.5L Ford EcoBoost 150 PS (110 kW)

**Дизел**

2.0 L Ford EcoBlue 190 KC (140 kW)









# ST-Line




### Стандардни одлики на надворешноста како дополнување на одликите на Titanium

- Легирани бандажи од 18 инчи со 5x2 краци во Rock Metallic
- Предна горна решетка Ford со црна карбонска мрежа и високо сјајна околина со црн финиш
- Боја на каросерија, предница со спортски стил и задни браници со високо сјајни задни детали
- Двоен ауспух со уникатен високо сјаен финиш
- ST-Line дизајн со панели на прагови во боја на каросеријата

### Стандардни одлики на внатрешноста како дополнување на одликите на Titanium

- Спортски управувач на ST-Line со црвени шевови
- Предни и задни патосници од велур со црвени шевови
- Уникатен кожен менувач, со вметнат сатенски алуминиумски прстен и црвени шевови
- Темна горна облога

### Мотори

**Бензин**

2.5L Ford Plug-In Hybrid (PHEV) 225 PS (165 kW)
2.5L Ford Full Hybrid (FHEV) 190 PS (140 kW)
1.5L Ford EcoBoost 150 PS (110 kW)

**Дизел**

1,5 L Ford EcoBlue 120 KC (88 kW)












# ST-Line X




### Стандардни одлики на надворешноста, дополнителни на одликите на ST-Line

- Автоматски предни рефлекторни LED-светла со автоматски долги светла и со дневни LED-светла
- Стакло за приватност
- Багажна врата што се отвора без раце

### Стандардни одлики на внатрешноста, дополнителни на одликите на ST-Line

- FM DAB радио, 8" (20.3 cm) TFT екран на допир, 12.3" (31.2 cm) целосно дигитален кластер, навигација со Режим на ефикасно возење (EDM), десет врвни звучници B&O BeoSonic™ на аудио систем (содржи централен звучник и субвуфер) (пет предни, пет задни), Ford SYNC 3 (вклучува приказ на компас и 2 x USB порти), Bluetooth®, Канал за пораки за сообраќај (TMC), разновидна антена, мини Панел со електронски финиш (EFP), прикажува Зони со ниски емисии (само PHEV) и контроли на управувач
- Средиштен потпирач за рацете на преклопување со вграден држач за чаши
- Partial Sensico® седиште на возачот со нагодување на електричен погон на 10 начини

### Мотори

**Бензин**

2.5L Ford Plug-In Hybrid (PHEV) 225 PS (165 kW)
2.5L Ford Full Hybrid (FHEV) 190 PS (140 kW)

**Дизел**

2.0 L Ford EcoBlue 190 KC (140 kW)










Зборот и логоата Bluetooth® се сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секоја употреба на тие ознаки од Ford Motor Company Limited и нејзините поврзани компании е со лиценца. Другите трговски марки и трговски имиња им припаѓаат на нивните соодветни сопственици.

# Vignale

**Стандардни одлики на надворешноста како дополнување на одликите на Titanium X**

- 18-инчни легирани бандажи Luster Nickel со 5x4 краци
- Уникатен дизјан на предна решетка кај Vignale, со карбонска црна мрежа и сатенски алуминиумски прстен и околина
- Ретровизори на врати со греење и автоматско склопување, со мемориска функција, плус во боја на каросеријата, со странични индикатори и светла под праговите
- Греење на ветробранско стакло Quickclear
- Двоен ауспух со уникатен високо сјаен финиш

**Стандардни одлики на внатрешноста како дополнување на одликите на Titanium X**

- Предни и задни седишта со греење
- Кожни седишта
- Инструмент табла со Sensico® тапацир
- Волан со греење
- Седиште на возачот со нагодување со електричен погон на 10 начини со функција за меморирање
- Предни лајсни на праговите со алуминиумски финиш со логото Vignale

**Мотори**

**Бензин**

2.5L Ford Plug-In Hybrid (PHEV) 225 PS (165 kW)
2.5L Ford Full Hybrid (FHEV) 190 PS (140 kW)

**Дизел**

2.0 L Ford EcoBlue 190 KC (140 kW)
















# 3

## ПЕРСОНАЛИЗИРАЈТЕ

Изберете боја, бандажи, опции и дополнителна опрема и направете го новиот Kuga несомнено ваш.

## ЖИВОТ ВО ВЕЛИЧЕСТВЕНА БОЈА

Ford Kuga ја должи својата прекрасна издржлива надворешност на процесот на боење во повеќе фази. Од челичните делови на каросеријата инјектирани со восок до заштитниот горен премаз, новите материјали и процеси за нанесување обезбедуваат вашиот нов Kuga да го задржи добриот изглед со години.




***Lucid Red***
*Затемнета безбојна металик боја на каросеријата**



***Blazer Blue†***
*Акрилна боја на каросеријата*



***Blue Metallic†***
*Металик боја на каросеријата**



***Solar Silver***
*Металик боја на каросеријата**



***Frozen White†***
*Акрилна боја на каросеријата*



***Lucid Red***
*Затемнета безбојна металик боја на каросеријата**



***White Platinum***
*Металик боја на каросеријата**



***Agate Black***
*Металик боја на каросеријата**



***Magnetic***
*Металик боја на каросеријата**

*Со доплата.

† Не е достапна за Vignale.

Ford Kuga е покриен со гаранцијата за перфорација на Ford 12 години од датумот на првата регистрација. Подложно на правилата и условите.

**Забелешка:** Прикажаните слики се само за илустрација на боите на каросеријата и може да не ги одразуваат тековните спецификации или достапноста на производите на одредени пазари. Боите и облогите прикажани во брошурата може да се разликуваат од вистинските поради ограничувањата на користените печатарски техники.



***Ray во Ebony/Eton во Ebony***
*Стандардно за Titanium*



***Ray во Ebony/Sensico® во Ebony***
*Стандардно за Titanium X*



***Foundry во Ebony/Eton во Ebony***
*Стандардно за ST-Line*



***Rapton во Ebony/Sensico® во Ebony***
*Стандардно за ST-Line X*



***Windsor Leather Arona Perforated во Ebony/Vinyl во Ebony***
*Стандардно за Vignale*

**Забелешка** Sensico® е трговска марка на Ford EU за синтетички тапацир развиен за ентериери на автомобили. Како вегански тапацир, тој е со врвен квалитет, мек на допир, долготраен и со одличен изглед. Лесен за одржување и чистење, со заштита од дамки и миризби. Со висококвалитетен изглед, Sensico® не само што е пријатен за седење за време на долги патувања, туку исто така и ја подига свеста затоа што не е изработен од животински материјали. Материјал кој им обезбедува спокој на современите и амбициозни возачи.





## 17-инчи

***алуминиумски бандаж со 5 краци во Shadow Silver***
*Стандард за Titanium и Titanium X*



## 18-инчи

***машински обработени алуминиумски бандажи со 5x2 краци***
*Опција за Titanium X*



## 19-инчи

***машински обработени алуминиумски бандажи со 15 краци со висок сјај Ebony Black***
*Опција за ST-Line X*



## 20-инчи

***машински обработени алуминиумски бандажи со 10 краци со Pearl Grey***
*Опција за Vignale*

**Забелешка** Сите алуминиумски бандажи се достапни како дополнителна опрема со доплата преку Вашиот продавач на Ford. Посетете ја веб-страницата **ford-accessories.com**

## Зимски пакет

- Греење на задни седишта
- Возачко и совозачко седиште со греење
- Греење на ветробранско стакло Quickclear
- Волан со греење




## Пакет за помош на возачот

- Штитници на рабовите на предните и задните врати
- Интелигентна помош за брзина (на анг. Intelligent Speed Assist)
- Приспособливиот темпомат со Stop&Go (само кај автоматски пренос) или Приспособлив темпомат (само кај мануелен пренос)
- Систем за информирање за слепи точки со Предупредување за сообраќај и Активно сопирање
- Систем за активно одржување коловозна лента со Помош за информирање за слепи точки
- Систем за ублажување судир со Предупредување за преден судир, Помош при скршнување од правецот на управување, Динамична поддршка при сопирање, Автономно сопирање во итен случај, со дополнителна Помош на раскрсници, Предупредување на растојание/Индикатор за растојание.
- Препознавање знаци за ограничување на брзината
- Автоматска помош при паркирање
- Предупредување и помош при промена на лента
- Камери со преден и заден широк приказ





## Пакет технологија

- Дисплеј на ветробран
- Целосно LED-quad проектор (со динамично спуштање, предни LED-магленки, задни LED светла, мануелно нивелирање на долги светла и автоматски долги светла без блесок

# 3 **ПЕРСОНАЛИЗИРАЈТЕ** ДОПОЛНИТЕЛНА ОПРЕМА


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.


9.

1. **Штитник за држење на товарот***
2. **Корито за одделот за багаж**
3. **Патосница за товарен простор со две лица**
4. **Заштитна фолира за врата**
5. **Заштита на задниот браник**
6. **Кука за влечење што се вади**
7. **Попречни летви**
8. **Uebler+ заден носач за велосипеди**
9. **Калници**
10. **ZEV кабел за јавно место за полнење**
11. **EVBox+ Elvi ѕидна кутија со монтиран кабел**
12. **EVBox+ држач за кабел за употреба со Elvi ѕидна кутија**
13. **Систем кутија-во-кутија**

+Ставка опфатена со гаранција од снабдувач од трета страна, погледнете ја задната корица за детали.
*Ги исполнува европските барања за безбедност ECE-R17/ISO27955.

За повеќе информации за дополнителната опрема за Kuga посетете ја веб-страницата **ford-accessories.com**

За палета на производи со брендот на Ford посетете ја веб-страницата **fordlifestylecollection.com**



# 4

## СПЕЦИФИКАЦИИ

Истражете ги опциите на електричниот пренос на новио Ford Kuga. Во софистицираните решенија се вбројуваат верзиите Kuga Plug-In Hybrid и Kuga Hybrid (целосен хибрид), заедно со напредниот 2,0-литарски и 1,5-литарски EcoBlue дизел мотор на Ford andи 1,5-литаркскиот EcoBoost бензински мотор. Заедно, тие може да ви помогнат да го најдете решението за вашиот животен стил, а префрлањето на електричен погон да го направите лесно и со уживање.



### Апликација FordPass за Kuga PHEV

Со апликацијата FordPass app[†], можете да го гледате статусот на полнење на акумулаторот на вашиот Kuga PHEV, опсегот на возење со електричен погон, да ги поставувате времињата на полнење дома и да добивате известувања кога ќе биде постигнато саканото ниво на полнење. Плус, покација и навигација до јавни станици за полнење и плаќање за полнење на вашиот автомобил, сето тоа преку апликацијата.

[†]Апликацијата FordPass, компатибилна со избрани платформи на паметени телефони може да се преземе преку интернет. Може да се применуваат цените за пораки и податоци.

*Регенеративно полнење*

*Полнење преку моторот*

*Потребно е полнење со вклучување на приклучок*

*Полнење во ѕиден штекер од 230 V*

*Полнење во монтирана ѕидна кутија*

*Полнење на јавна станица за полнење*

*Се заснова на целосно полнење. Опсег до 71 -88 km само од електричното полнење според Светската хармонизирана постапка за тест на лесни возила (WLTP -Worldwide Harmonised Light Vehicle Test Procedure) се однесува на достапна конфигурација. Реалните опсези се разликуваат според условите, како што се надворешните елементи, начинот на возење, одржувањето на возилото, како и векот на траење на литиум-јонската батерија. **Декларираните емисии на CO2се утврдуваат според техничките барања и спецификации од европските регулативи (EC) 715/2007 и (EU) 2017/1151 како што се последен пат изменети и дополнети. Возилата од типот на лесни возила одобрени согласно Светската постапка за тестирање хармонизација на лесни возила



### Kuga Hybrid (FHEV)

Содржи комбинација на бензински мотор и електричен мотор коишто функционираат заедно за зголемени перформанси и ефикасна потрошувачка на гориво. Kuga Hybrid исто така може да се води само на електричен погон на кратки растојанија, со нула емисии на издувни гасови.

- 2,5-литарски бензински мотор со аткинсонов циклус
- 1,1 kWh високонапонски акумулатор
- Способност за возење на целосно електричен погон
- Можно полнење преку моторот



| | |
|---|---|
| *Опсег на акумулатор* | *не е применливо* |
| *$CO_2$ емисии*** | *123-132 (FWD), 130-135 (AWD) g/km* |
| *Опсег со гориво**** | *850-1,000 (FWD), 850-940 (AWD) km* |
| *Време на полнење* | *не е применливо* |

### Kuga - Hybrid (PHEV)

Содржи комбинација на електричен и бензински погон за лесни перформанси, со нула емисии кога е само во електричен режим. Kuga PHEV може да се полни дома или на јавна станица за полнење за целосно електричен опсег (All-Electric range) во WLTP од 71-88 km* и 790km* кога работи на гориво.

- 2,5-литарски бензински мотор со аткинсонов циклус
- 14,4 kWh високонапонски акумулатор
- Способност за возење на целосно електричен погон
- Можно е полнење со вклучување на приклучок



| | |
|---|---|
| *Опсег со батерија** | *71-88 km* |
| *Емисии на $CO_2$*** | *122-128 g/km* |
| *Опсег со гориво**** | *790 km (964-1000 km комбинација на бензин/електричен погон[††])* |
| *Време на полнење***** | *6 часа* |

(WLTP) имаат информации за потрошувачка на гориво/енергија и емисии на $CO_2$ за European Drive Cycle (NEDC) and WLTP. WLTP целосно ќе го замени NEDC најдоцна до крајот на 2020 година. Применетите стандардни постапки за тестирање овозможуваат споредување меѓу разни типови возила и различни производители. За време на преминот од NEDC, потрошувачката на гориво и емисиите на $CO_2$ според WLTP ќе се поврзуваат со оние според NEDC. Ќе има некоја разлика во однос на претходната потрошувачка на гориво и емисиите, бидејќи некои елементи на тестовите се променети, така што ист автомобил може да има поинакви пријавени потрошувачка на гориво и емисии на $CO_2$. ***Пресметката за потенцијален опсег на возење врз основа на ефикасна потрошувачка на гориво од 4,9 4.9l – 5.5l/100 km (WLTP) за Kuga EcoBlue Hybrid (mHEV), 5.4l – 6.4l/100 km (FWD), 5.7l – 6.3l/100 km (AWD) (WLTP) за Kuga Hybrid (FHEV) и капацитет на резервоар на гориво од 54l/ Потенцијалниот опсег на возење со гориво на Kuga Plug-In Hybrid се базира на ефикасната потрошувачка на гориво од 5,3l - 6,1/100km (WLTP) во Режим на одржување на полнење (кога високонапонскиот акумулатор е испразнет) и капацитет на резервоар за гориво од 45l. Вкупниот опсег на циклус на Светската хармонизирана постапка за тест на лесни возила (WLTP Worldwide Harmonised Light Vehicle Test Procedure) е 4.500 km. Реалниот опсег варира во зависност од условите, како што се надворешни услови, начин на возење и одржување на возилото. [††]Врз основа на целосно полн акумулатор и полн резервоар, без полнење акумулатор/гориво.

Напредната технологија Plug-In Hybrid (PHEV) на целосно новиот Kuga дава неверојатни перформанси, заедно со импресивна заштеда на горивото и значително пониски бројки на емисии.



## ШТО Е PHEV?

Возилата Plug-In Hybrid (PHEV) имаат функционалност на целосно хибридна (FHEV) технологија, со дополнителна предност што може да се полнат со надворешно напојување со струја. PHEV-технологијата, исто како целосната хибридна технологија, користи два одделни извори на моќност, префрлајќи помеѓу конвенционалниот бензински мотор и електричен мотор напојуван со батерија. Но, бидејќи PHEV најмногу се потпира на надворешно полнење, откако батеријата речиси ќе се испразни, возилото се однесува како хибрид, така што бензинскиот мотор ќе работи кога е потребно.

PHEV има поголема батерија споредено со други хибридни возила. Ова ви овозможува да возите подалеку само со електрична моќност, а Kuga може да вози до 71 -88 km* без емисии. Како хибриди, возилата PHEV имаат способност да ја „обновуваат“ енергијата при намалување на брзината или сопирање (енергија што во спротивно би се загубила) за да помогнат да се полни батеријата.

*Опсегот само на електрично возење на Kuga е до 71 -88 km, според условите на возењето и староста на батеријата. Официјални WLTP тестирани емисии на $CO_2$ од 32 g/km.

## Гориво, перформанси и емисии

| | 1,5 L FordEcoBoost 150 KC(110 kW)(со автоматско палење-гасење) | 1.5L Ford EcoBlue 120 KC (88 kW) (со автоматско палење-гасење) | 1.5L Ford EcoBlue 120 KC (88 kW) (со автоматско палење-гасење) | 2,0 FordEcoBlue 190 KC(140 kW) (со автоматско палење-гасење) | 2.5L Ford Petrol FHEV Hybrid E85 190 PS (140 kW) | 2.5L Ford Petrol FHEV Hybrid 190 PS (140 kW) | 2.5L Ford Petrol Plug-in PHEV Hybrid 225 PS (165 kW) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Емисии на $CO_2$ [øø] (g/km)– WLTP вкупно | 149-154 | 123-129 | 137-144 | 149-155 | 123-132 | 130-135 | 122-128 |
| Потрошувачка на гориво[øø] во L/100 km– WLTP вкупно | 6,6-6,8 | 4,7-4,9 | 5,2-5,5 | 5,7-5,9 | 5,4-5,8 | 5,7-5,9 | 5,3-5,6 |
| **Теренско возило со 5 врати** | | | | | | | |
| Стандард за емисии | Euro 6d Temp | Euro 6d Temp | Euro 6d Temp | Euro 6d Temp | Euro 6d Temp | Еуро 6d Temp | Euro 6d Temp |
| Максимална моќност KC (kW) | 150 (110) | 120 (88) | 120 (88) | 190 (140) | 190 (140) | 190 (140) | 225 (165) |
| Вртежен момент Nm (Nm со прекумерна моќност) | 240 | 300 | 300 | 400 | 2.5L Бензински мотор: 200 Електричен мотор: 231 E10: 124-146* E85: 118-139* | 2.5L Бензински мотор: 200 Електричен мотор: 230 | 2.5L Бензински мотор: 200 Електричен мотор: 230 |
| Вид гориво | Бензин | Дизел | Дизел | Дизел | Бензин/E85/ Електричен | Бензин/ Електричен | Бензин/ Електричен |
| Менувач | рачен со 6 степени на пренос | рачен со 6 степени на пренос | автоматски со 8 степени на пренос | автоматски со 8 степени на пренос | (H4F45 (eCVT автоматски)) | (H4F45 (eCVT автоматски)) | (H4F45 (eCVT автоматски)) |
| Погон | 4x2 | 4x2 | 4x2 | 4x4 | 4x2 | 4x4 | 4x2 |
| **Перформанси**[ø] | | | | | | | |
| Макс. брзина (km/h) | 195 (121mph) | 180 (112 mph) | 177 (110 mph) | 208 (129 mph) | 196 (122 mph) | 196 (122 mph) | 200 (124 mph) |
| 0-100 km/h (секунди) | 9.7 | 11.7 | 12.0 | 8.7 | 9.1 | 9.5 | 9.2 |
| 50-100 km/h* (секунди) | 9.5 | 11.5 | – | – | – | – | – |
| **Маси и оптоварувања** | | | | | | | |
| Маса на празно возило (kg)[#] | 1564 | 1576 | 1599 | 1735 | 1701 | 1773 | 1844 |
| Бруто маса на возилото (kg) | 2075 | 2085 | 2110 | 2245 | 2215 | 2280 | 2320 |
| Бруто маса на композиција (kg) | 3875 | 3585 | 3610 | 4345 | 3815 | 3780 | 3820 |
| Макс. маса на влечење (со сопирачки) (kg) | 1800 | 1500 | 1500 | 2100 | 1600 | 1500 | 1500 |
| Макс. маса на влечење (без сопирачки) (kg) | 750 | 750 | 750 | 750 | 750 | 750 | 750 |
| Корисниот товар | 511 | 509 | 511 | 510 | 514 | 507 | 476 |

*Во 4. брзина. [ø]Бројки од тестирања на Ford. Сите бензински мотори се опремени со каталитички конвертор.
[#]Ја претставува најмалата маса на празно возило сметајќи возач со 75 kg, со целосно наполнети течности и 90% гориво, во зависност од производните толеранции и вградените опции, итн. Наведените граници за влечење ја претставуваат максималната способност за влечење на возилото со бруто-маса на возилото за тргнување на нагорнина од 12 проценти во однос на нивото на морето. Перформансите и економичноста на сите модели се намалува кога се користат за влечење. Максималното ограничување за оптоварување на покривот е 100 kg за сите модели. Бруто маса на пренос вклучува тежина на приколка
[øø]Декларираните WLTP потрошувачка на гориво/струја, емисиите на $CO_2$ и електричниот опсег се определени според техничките барања и спецификации на Европските регулативи (ЕК) 715/2007 и (ЕУ) 2017/1151 со најновите дополнувања. Применетите стандардни постапки за тестирање овозможуваат споредување меѓу разни типови возила и различни производители.
Покрај ефикасната потрошувачка на гориво/струја на автомобилот, однесувањето при возењето како и други нетехнички фактори играат улога при одредувањето на потрошувачката на гориво/струја на автомобилот, емисиите на $CO_2$ и опсегот со електричен погон. $CO_2$ е главниот стакленички гас одговорен за глобалното затоплување. Упатството за заштеда на гориво и емисии на $CO_2$ коешто содржи податоци за сите нови модели на патнички автомобили е достапно бесплатно на сите продажни места.

## Димензии

| | |
|---|---|
| Вкупна должина без кука за влечење (mm) | 4614-4629 |
| Вкупна ширина со/со склопени/без ретровизори (mm) | 2178/2000/1883 |
| Вкупна висина (без товар) со шините за на покрив (mm) | 1666-1680 |
| Круг на вртење – тротоар до тротоар (m) | 11,4-11,5 |
| **Капацитет за багаж (литри)‡** | |
| Режим со 5 седишта (натоварено до врв од задната страна на седиштата) (со комплет за поправање пневматици) – Без PHEV | 645** |
| Режим со 5 седишта (натоварено, до врвот од задната страна на седиштата) (со комплет за поправање пневматици) – PHEV/ PHEV | 581** |
| Режим со 2 седишта (натоварено до покривот) (со комплет за поправање пневматици) – Не PHEV/ PHEV | 1534 |
| Режим со 2 седишта (натоварено до покривот) (со комплет за поправање пневматици) – PHEV/ PHEV | 1481 |
| **Капацитет на резервоарот за гориво (литри)** | |
| Бензин и FHEV | 54 |
| Дизел | 54 |
| Хибридно електрично возило со приклучок | 45 |

‡Измерено во согласност со ISO 3832. Димензиите може да се разликуваат во зависност од моделот и монтираната опрема.
**Опсег на карго со спуштен втор ред седишта: 475-645L (не PHEV/FHEV) и 411-581L (FHEV/PHEV).





## Бои и облоги

| | Акрилни бои на каросеријата | | Металик бои на каросеријата* | | | | Првокласни бои на каросеријата* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Frozen White | Blazer Blue | Agate Black | Blue Metallic | Magnetic | Solar Silver | Lucid Red | White Platinum |
| **Titanium** | | | | | | | | |
| **Облога и боја на лицето од седиштата:** Calder in Ebony<br>**Облога и боја на потпората на седиштето:** Omni in Ebony<br>**Боја на инструмент-таблата, горен дел:** Ebony<br>**Боја на инструмент-таблата, долен дел:** Ebony | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| **Titanium X** | | | | | | | | |
| **Облога и боја на лицето од седиштата:** Ray in Ebony<br>**Облога и боја на потпората на седиштето:** Sensico® in Ebony<br>**Боја на инструмент-таблата, горен дел:** Ebony<br>**Боја на инструмент-таблата, долен дел:** Ebony | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| **ST-Line** | | | | | | | | |
| **Облога и боја на лицето од седиштата:** Foundry in Ebony<br>**Облога и боја на потпората на седиштето:** Кожа Salerno во Ebony со црвени шефови<br>**Боја на инструмент-таблата, горен дел:** Ebony<br>**Боја на инструмент-таблата, долен дел:** Ebony | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| **ST-Line X** | | | | | | | | |
| **Облога и боја на лицето од седиштата:** Raption in Ebony<br>**Облога и боја на потпората на седиштето:** Sensico® in Ebony со Generic Red шев<br>**Боја на инструмент-таблата, горен дел:** Ebony<br>**Боја на инструмент-таблата, долен дел:** Ebony | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| **Vignale** | | | | | | | | |
| **Облога и боја на лицето од седиштата:** Кожа Windsor во Ebony<br>**Облога и боја на потпората на седиштето:** Винил страна на потпората на седиштето во Ebony<br>**Боја на инструмент-таблата, горен дел:** Ebony<br>**Боја на инструмент-таблата, долен дел:** Ebony | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |

Достапно ■
*Металик и премиум боите се опции за коишто се доплаќа.

# ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА НАШАТА ФАМИЛИЈА НА SUV ВОЗИЛА, ПОСЕТЕТЕ ЈА WWW.FORD.MK



**Илустрации, описи и карактеристики.** Брошурата беше точна во времето на печатењето. Меѓутоа, Ford има политика на постојан развој на производите. Правото за менување на карактеристиките, боите и цените на моделите и ставките илустрирани и опишани во ова издание во кое било време е задржано. За најновите детали, секогаш посоветувајте се со својот продавач на Ford. **Опционална опрема.** Во цело ова издание, каде и да има некоја карактеристика опишана како „опција“ или „опционална опрема/пакет“, треба да претпоставите дека е со доплата на основното возило, освен ако изрично не е наведено спротивното. Сите модели и комбинации на бои зависат од достапноста. **Забелешка.** Некои слики претставени тука се модели од пред-производство и/или се компјутерски направени, затоа конструкцијата/одликите на конечните верзии на возилото може да се разликуваат во разни погледи. Освен тоа, некои од одликите прикажани на возилата може да се опционални. **Забелешка.** Брошурата содржи оригинална опрема на Ford, како и асортиман производи од нашите снабдувачи. ✚Идентификуваните додатоци се внимателно избрана опрема од други снабдувачи со нивни марки што не спаѓаат под гаранцијата Ford, но се покриени со гаранцијата на самиот производител, за којашто може да се известите кај својот продавач на Ford. **Забелешка.** Зборот-марката Bluetooth® и логоата се сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и употребата на тие марки од страна на Ford Motor Company Limited е лиценцирана. Зборот и логоата iPod се сопственост на Apple Inc. Другите трговски марки и трговски имиња им припаѓаат на нивните сопственици. **Забелешка.** Некои функции за помош на возачот и за безбедност опишани во брошурава се конструирани да функционираат со помош на сензори чии работни ефекти може да се помали во одредени климатски и услови на околината.

Ова меѓународно издание на брошурата е само за општо информирање, опишаните спецификации не се релевантни за кој било посебен пазар. Можно е во илустрациите или текстот да се дадени упатувања кон модели, одлики или услови што не се достапни на некои територии, било како стандардна опрема или опција. Освен тоа, може да не се наведени некои специјални функции што се достапни. Затоа, секогаш посоветувајте се со нашиот продавач на Ford за најновите детали на спецификациите и тековните цени.

Издадено од Ford Motor Company Limited, Brentwood, Essex, England.
Регистрирана во Англија под бр. 235446.
FoE Y42R
0122/EDM mk
Ноември 2021 година.
© Ford Motor Company Limited.

MY 2022 EDM mk

EURO NCAP FOR SAFER CARS ★★★★★ TEST 2019